со својата активност во рамките на културната автономија.

Во рубриката *Ликови* Ташко Мамуровски пишува за животниот и револуционерниот пат на Тодор Дојчинов-Морава (1921—1947) (247). Роден во Енице Вардар, Егејска Македонија, Морава како наемен работник рано пристапува во организацијата на Комунистичката младина на Грција, а од 1942 година станува и член на Комунистичката партија на Грција. По срамниот договор во Варкиза од 12. II 1945 година Морава развива активна борба против монархофашистичкиот режим во Грција и во таа борба, предаден од еден селски предавник во село Крушари и опколен од непријателот, за да не падне жив во негови раце, херојски загинува подметнувајќи ја под себе последната рачна бомба што ја имал.

Во останатите рубрики на овој двоброј на Гласникот (Библиографии, Рецензии и Прикази, In mrmoriam и Научни собири) има 21 прилог.

Ксенија
ЦИДРОВА-МАКЕДОНСКА

**СРБИЈА 1878. ДОКУМЕНТИ. Приредили: М. Војводић, Д. Р. Живојиновић, А. Митровић и Р. Самарџић. СКЗ. Београд 1978. стр. 173.**

По повод 100-годишнината од прогласувањето на независноста на српската држава и нејзиното меѓународно признавање на Берлинскиот конгрес, горенаведените членови на катедрата за општа историја на Филозофскиот факултет во Белград, како приредувачи на ова издание, всушност со објавувањето на оваа збирка од 380 документи од домашно и странско потекло, го одбележале овој крупен настан од историјата на српскиот народ и неговиот државно-правен развиток.

Во краткиот предговор горе-споменатите приредувачи на збирката со право констатираат дека во досегашната српска историографија се чувствувала голема потреба за документарен материјал од овој карактер и нивната намера била да пополнат една голема празнина преку која ќе му овозможат на историчарот и на поширокиот читател да го сфатат што подобро сложениот нагорен пат кој довел до прогласувањето на независноста на Србија.

Почнувајќи од 1 јануари 1878 година, документите од оваа збирка се нижат по хронолошки ред, во кој се согледува динамиката на настаните од последната година на големата источна криза на Балканот, започната со Босанско-херцеговското востание и Српско-турските и Руско-турската војна, која доведе до крупен настан не само за Србија и за нејзиното територијално проширување, туку и до поголеми промени и во другите области на Балканот. Во оваа збирка на документи како на дланка се согледуваат егоистичките интереси на тогашните големи европски сили, кои врз плешките на по-

тиснатите народи од страна на османлиското деспотство и врз нивните големи човечки и материјални жртви поднесени во тригодишните борби за ослободување, ги искористувале нивните резултати за свои цели. Илустративно е во таа смисла писмото од оваа збирка на познатиот тогашен босански борец, Васа Пелагиќ, упатено до српската влада од името на неколку раководители на Босанско-херцеговското востание, во кое ја известува владата дека во едно специјално писмо што му го упатиле на рускиот цар нагласиле дека „Нашата вечна желба е да се соединиме со српските кнежевства или барем да станеме самостојно-вазална држава како што станаа и Бугарите. Барем толку сме заслужиле, бидејќи ние први го отпочнавме овој голем акт на словенскиот потфат, во тоа име бројно се преполовивме и материјално страотно се упропастивме.“ (стр. 227).

Во дипломатската игра на големите сили околу разграбувањето на териториите на Турција, како што од документите на оваа збирка многу јасно се гледа, особено голема улога играле Австро-Унгарија и Англија наспроти стремежите на царска Русија, чиишто освојувачки потфати, реализирани предимензионирано со прелиминарните преговори во Сан-Стефано, требало да се ревидираат на Берлинскиот конгрес. Претходните пазарења и ценкања на дипломатите на Австро-Унгарија и Русија за да дојдат поподготвени на Берлинскиот конгрес, каде, за жал, претставниците на Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина немале никакво право да решаваат, туку само да ги изнесат своите желби, сведочат за далекосежните планови на едните и другите во потчинувањето на Балканот под свое влијание.

Специјално место во оваа дипломатска игра заземале и плановите на големите сили околу и за Македонија. Во својот стремеж да го отстрани ширењето на Србија спрема Босна и Херцеговина, како и да го сопре создавањето на една заедничка граница на Србија со Црна Гора, Австро-Унгарија позасилено ја туркала Србија на југ кон Македонија. Истовремено Австро-Унгарија превела планови, како што се гледа од оваа збирка на документи, и за своето сопствено проширување во Макдонија. Така, во писмото на германскиот пратеник Ханс Лотер фон Швајниц во Петроград од 4 април 1878 година до својот министер за надворешни работи, кнезот Бернард фон Билов, изнесувајќи му го својот разговор со рускиот пратеник во Цариград грофот Н. Игнатиев, му пишувал:“ Тие (Австријанците — б.м.), врз основа на мислењето на некоја стратешка комисија, ја бараат целата област околу реките што течат спрема Јадранско Море и спрема Солунскиот Залив, со други зборови линијата од Орфано спрема Врање. На моето прашање дали ова Австрија го бара за себе или за Турција, тој (Игнатиев — б.м.) не одговори сосем јасно. Јас, продолжи тој (Игнатиев), му реков на грофот Андраши дека ние не би биле против овие земји, населени со Албанци, Бугари, Срби итн., напросто да ги земе тој (Андраши-б.м.) и од нив да соз-

даде една автономна држава, па, ако му се бендисува тоа, нека го прогласи (австрискиот-б.м.) генералот Родиќ за кнез на Македонија." (228-229)

Уште појасна во своите барања се покажала австриската влада во своите долготрајни натамошни преговори со специјалниот руски пратеник во Виена, грофот Игнатиев. Тоа се гледа од едно писмо на српскиот пратеник во Виена, Коста Цукиќ од 8. IV 1978 година до српскиот министер за надворешни работи, Јован Ристиќ. Имено, наеднаш по случувањето на Сан-стефанскиот прелиминарен договор, грофот Игнатиев бил пратен во Виена и во своите преговори Игнатиев ѝ ја понудил на Австрија окупацијата на Босна и Херцеговина. Меѓутоа, царот Фрањо Јосиф и неговиот министер Андраши го барале следното: 1. Австро-Унгарија да ја заземе Босна и Херцеговина; 2. Овие две области да бидат автономни кнежиевства со кои би управувала Австро-Унгарија; 3. Исто така да се постапи со Албанија и Македонија со Солун." (стр. 239)

И самата српска буржоаска влада имала исто така и свои сопствени планови за територијално проширување преку Косово во Македонија. Доказ за тоа се неколку документи објавени во оваа збирка. Така, во писмото на српскиот пратеник од Петроград од 9. V 1878 година до Јован Ристиќ, покрај другото, Протиќ му пишувал дека при посетата на новопоставениот руски пратеник во Цариград, кнезот Лобанов Ростовски, овој го помолил Протиќа да му покаже на картата до каде се протега српското племе за да бидат до таму поставени границите. Протиќ тогаш вака се искажал: "Јас ги повлеков (границите б.м.) од Лом Паланка кон Бресник, Радомир, Струма и Вардар, опафаќајќи го Прилеп и двата Дебра итн." (стр. 330)

Во мемоарот што го поднесол Јован Ристиќ на Берлинскиот конгрес на 24 јуни 1878 година, покрај останатото, се говори и за границите што Србија ги бара со следниве зборови: „Ако земјата што денес го сочинува Косовскиот вилает би се соединила со Србија, оваа би ја имала Дрина и Лим за своја западна граница... јужната граница би ја опфаќала Кичево, Скопје и Егри Паланка, а источната би го опфаќала Трн, Пирот, Белоградчик и Видин." (Стр. 449-450)

Најпосле, и во објавената во оваа збирка прокламација на кнезот Милан од 12. VIII 1878 година до српскиот народ откако го пофалува српскиот народ што се ѕвва еднодушно во борбата против османлиската држава и во својот залет дошол до Косово, кнезот Милан додава: „Во вашиот сјаен замав требаше само уште чекор напред па да сѐ развиорат српските победнички бајраци и во Приштина, Скопје и Призрен, овие стари престолнини на Немањиќите, ако не ве претечеше да ви попречи склученото примирје на 13 јануари оваа година." (стр. 622)

1878-та година е делумно и година на воени акции и ослободување на повеќе градови и села од турското ропство. Малку е за чудење што нема ниеден документ за самите акции или статистички

податоци за бројот на поднесените жртви, за упропастеното стопанство и слично. Тие документи на збирката би ѝ дале потполн и посестран карактер, поправо би ја претставиле посеопфатно и поконкретно Србија во 1878 година како што гласи и насловот на самата збирка. Без нив објавените документи носат повеќе дипломатско-политички карактер и повеќе од тој агол ја осветлуваат Србија во 1878 година и нејзините стремежи за потполна независност.

За приредувачите на оваа збирка документи посебен проблем претставувало објавувањето на таканаречените адреси од неослободените краеви упатени до кнезот Милан, со кои овие молеле да се вклучат нивните територии во составот на Србија. Имаме впечаток дека во таа смисла приредувачите не ја покажале сета своја критичност во подборот на документите. На пример, би требало, според нас, да се проследи во една фуснота една спомната адреса од името на жителите на Кичевската, Дебарската, Охридската, Битолската, Кумановската, Скопската, Тетовската, Прилепската нахија со потписите на Пеќко Стојковиќ од Дебар, Деспот Путниковиќ од Охрид, Коста А. Шуменковиќ од Битола, Апостол Беговиќ од Велес, Раде Јанковиќ од Куманово, Спасоје Вељковиќ од Скопје, Аџи Зафир од Тетово, која на 30 мај 1878 г. била предадена на кнезот Милан со молба да се вклучат овие нахии во составот на кралството Србија. (Стр. 235). Освен Коста Шуменковиќ, кој не е од Битола туку од струшките села, сите други потписници се непознати личности, неовластени од нахиите каде што се родени и кои одамна ги напуштиле и како печалбари се преселиле во Србија, ги потпишале овие адреси под влијание на владеачките кругови. Впрочем, вакви слични адреси, подготвени под влијание на засилените пропаганди од Бугарија Србија и Грција, испраќале и други личности директно до самиот Берлински конгрес и тоа по неколку од еден ист град со барање: да се вклучат во рамките на српската, или бугарската, или грчката држава или да останат и понатаму во составот на турската држава[1]). Уште во текот на Српско-турските војни од 1876 — 1878 година, а особено непосредно по берлинскиот конгрес, македонскиот народ повел вооружена борба за своето ослободување и за независна држава, изложувајќи ги детално своите Правила на востаничкиот комитет во Кресненското востание не само внатрешната организација на својата планирана држава, туку и односите со своите соседни држави по своето ослободување.

Без оглед на овие ситни забелешки, документите од оваа збирка, чијашто основна цел е да пополни една голема празнина во изворната граѓа на српската историографија, успешно ја извршиле својата задача. Со содржината и подборот на документите авторите на најавтентичен начин успеаја да не вратат на периодот пред 100 години кога се извршил

[1]) Види подетално за ова кај A. Novotny, Quellen und Studien zur Geschichte der Berliner Kongresses 1878, I. Bond. Graz — Köln 1957.

прилично големиот скок во државно-правниот развиток на српскиот народ, проследен и со територијалното проширување.

Приложениот регистар на личните и географските имиња кон оваа збирка, систематизираниот список на писмата и актите, а особено единствената приложена карта во текстот, која ја претставува Србија во 1878 година со нејзините придобиени територии и планираните и нереализираните проширувања, и нагледно му олеснуваат на читателот подобро да се снајде во оваа обемна збирка.

Љубен ЛАПЕ

## ЗНАЧАЈНА МОНОГРАФИЈА ЗА КУЛТУРНАТА И УМЕТНИЧКАТА ИСТОРИЈА НА ХИЛАНДАР

**Димитрије Богдановиќ, Војислав Ј. Ѓуриќ, Дејан Медаковиќ „Хиландар", Београд 1978)**

Научната литература за Хиландар, еден од најистакнатите манастири на Света Гора, веќе двеста години постојано се зголемува и денес таа претставува вистинска библиотека. Сите области со кои се поврзува животот и траењето на овој српски споменик, од историјата, книжевноста и монаштвото до ликовната уметност, подвргнати се на детални проучувања во минатото, но тие се и во наше време предмет на продлабочувања, нови откривања, поттикнувани од неодамна формираниот Хиландарски одбор кој што дејствува при Српската академија на науките и уметностите. Меѓутоа, потребата од монографско дело каде ќе бидат обединети позначајните резултати и притоа соопштени за поширок круг љубители на културата и уметноста, одамна е отворена. Ова издание на најсоодветен начин излегува во пресрет точно на таа потреба. Таа задача ја исполнија тројцата автори на оваа книга чии имиња ѝ се добро познати на нашата јавност, покрај другото, и како истакнати истражувачи на Хиландар. Тоа се академиците Војислав Ј. Ѓуриќ, Дејан Медаковиќ, историчари на уметноста и академикот Димитрије Богдановиќ, историчар на книжевноста.

По предговорите кон книгата напишани од Павле Савиќ, претседател на САНУ, и академикот Светозар Радојчиќ, во првиот дел со инспиративен текст се осврнува на почетоците на монашкиот живот во Света Гора, првите вести за Хиландар и неговата обнова од основоположителите на Немањиќката династија (стр. 23-30). Особено внимание во овој дел на монографијата привлекува објаснувањето на моношката организација, духовниот живот и начинот на управувањето на светогорските манастири што ќе претставува интерес за поширок круг на љубители на културната историја.

Д. Богдановиќ во вториот дел на ова поглавје дава мошне инструктивна претстава за „предисторијата" на Хиландар во XI и